### Ликови на скопски уметници

# СЛИКАРОТ НА РАДИКА



● При посетата на ателјето на академскиот сликар Томе Владимирски особен впечаток ни оставија многубројните портрети и пејсажи, грижливо наредени еднододруго во просторијата. Навистина впечатливи уметнички творби со мотиви од долините на Радика и Вардар, полиња узреано жито, луѓе во народни носии, вистинско богатство на пејсажи од цела Македонија.

● Во десниот агол на ателјето е неговата омилена слика „Портретот на еден работник". Таа датира од годините пред Втората светска војна

● **Досега Владимирски имал 16 самостојни изложби. За изложбата со творби од Радика доби Октомвриска награда.**

● На последната изложба, што се одржа неодамна, овој познат скопски сликар работел осум години. Долги месеци престојувал во Бигорскиот манастир каде што една просторија му служела за ателје.

● Во неговите творби преовладува претежно жолтата и сината боја, што е белег на нашето поднебје. Посебно задоволство за него е рибарењето и, можеби, затоа во неговите дела најчесто е присутна водата, како и живите суштества во неа.

● **На крајот сликарот ни рече: Постојана девиза во мојот живот е да работам, да создавам, а тоа значи да не бидам осамен никогаш.**

НОВА МАКЕДОНИЈА ●
ЧЕТВРТОК, 10 ДЕКЕМВРИ 1970 ГОДИНА